Европската комисија

# 10 години од
# Европската квалификациска рамка (ЕКР)

## Што е ЕКР и како функционира?

**2008 г.** започната

ЕКР е заедничка референтна рамка од осум нивоа, заснована на резултатите од учењето.

**2017 г.** ревидирана

**2018 г.** 10-годишнина

### Рамка од осум нивоа

1 2 3 4 5 6 7 8

**ЕКР ги опфаќа сите видови и нивоа на квалификации и служи како преведувачки уред помеѓу различните национални квалификациски рамки (НКР) на земјите учеснички.**

## Кои се целите на ЕКР?

ЕКР има за цел да ги подобри транспарентноста и споредливоста на човековите квалификации .

**Исто така има за цел:**

- модернизирање на системите за образование и обука,
- зголемување на можностите за вработување, мобилност и социјална интеграција на поединци,
- поврзување на сите видови учење и поддршка на вреднувањето на резултатите од учењето.

## Што се тоа резултати од учењето?

1. Резултатите од учењето го изразуваат тоа што од лицето се очекува да знае, да разбере и да е способно да направи.
2. Тие ја опишуваат содржината на квалификациите, појаснувајќи што се очекува од ученикот.
3. Тие го поддржуваат развојот во учењето, овозможувајќи споредување и комбинирање на учењето од различни контексти (формално, неформално или информално).

## Кои земји учествуваат во ЕКР?

**39** земји кои во моментов учествуваат во ЕКР.

**34** веќе ги имаат поврзано своите сопствени НКР со ЕКР.

## Како се разви ЕКР?

Заинтересираните страни од сферата на образованието / обучувањето, вработувањето и граѓанското општество се вклучени во развојот и спроведувањето на ЕКР и НКР.

Сите квалификации со ниво на ЕКР се поткрепени од механизмите за обезбедување квалитет, за да се осигури дека може да се има доверба во нивната содржина.

Европската комисија

# Кои се придобивките од ЕКР?

## Лицата/Поединците (работници / ученици) можат...

... подобро да ги разберат нивните квалификации во однос на тоа што треба да знаат, да разберат и да се способни да направат.

... да го разберат нивото на нивната квалификација во сите европски земји и каков е нејзиниот однос кон другите.

... полесно да најдат работа или да се ангажираат со понатамошно учење.

## Работодавачите можат ...

... подобро да разберат што потенцијалните вработени знаат, разбираат и се способни да направат.

... многу полесно да ги споредуваат и интерпретираат квалификациите на апликанти од различни земји и институции.

... да ги споредат квалификациите на странските апликанти со националните квалификации, за да се разбере нивното значење и како тие ги задоволуваат потребите на компанијата или на секторот.

## Давателите на обука и образование можат...

... многу полесно да ја разбираат содржината, нивото, а со тоа и вредноста на квалификациите на оние кои сакаат да го продолжат своето учење.

... многу полесно да споредуваат и оценуваат квалификации од различни земји и контексти.

## Телата за признавање на квалификациите можат...

- ... да пристапат до корисни информации за подобро да ги проценат квалификациите од друга земја, особено во однос на нивното ниво и содржина.
- ... многу полесно да препознаат странски квалификации.

### Извори

- Препорака за ЕКР: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32017H0615(01)&from=EN
- Можности за учење и за квалификации во Европа: https://ec.europa.eu/ploteus/en
- Резултати од учењето: http://www.cedefop.europa.eu/en/events-and-projects/projects/learning-outcomes
- Инвентар за национална квалификациска рамка http://www.cedefop.europa.eu/en/events-and-projects/projects/national-qualifications-framework-nqf/european-inventory
- Регистар на експертски групи на Комисијата: http://ec.europa.eu/transparency/regexpert/

© Европска унија 2019

*Социјална Европа*

PDF: ISBN: 978-92-76-08489-1, doi:10.2767/225857, KE-02-18-150-MK-N